Macedonian

# ОПШТ ВОДИЧ ЗА ТРАНСФУЗИЈА НА КРВ

## ИНФОРМАЦИИ ЗА ПАЦИЕНТИТЕ И СЕМЕЈСТВАТА

## Трансфузија на крв

Трансфузијата на крв е постапка со која добивате крв преку интравенозна канула (IV) која се става во вената.

Трансфузија на крв може да ви биде потребна ако вашето тело не може да создава делови од вашата сопствена крв, ако вашите крвни клетки не функционираат правилно, или ако сте изгубиле крв.

Често може да се намали или избегне потребата од трансфузија на крв.

- Разговарајте со вашиот тим за здравствена нега за најдобриот начин на лекување на анемија (мал број или слаб квалитет на црвени крвни зрнца).
- Ако имате операција, разговарајте со вашиот тим за здравствена нега дали има потреба да престанете или да одложите да примате одредени лекарства за да се намали опасноста од крварење.
- Вашиот тим за здравствена нега може да ви предложи да ви земе крв и да ви ја врати вашата крв при некои видови сериозни операции.
- Ако навистина ви е потребна трансфузија на крв, треба да ја примите само количината која е потребна за да ви се ублажат симптомите. На пример, откако ќе примите една кеса со црвени крвни зрнца, треба да ве прегледаат за да се види дали е потребна уште една кеса. Можеби е доволна една кеса.

## Делови од крвта кои може да бидат потребни

Црвените крвни зрнца пренесуваат кислород до ткивата и органите во телото. Може да ги примите ако концентрацијата е ниска, или ако сте изгубиле крв.

Крвните плочки (тромбоцити) и помагаат на крвта да се згрутчува и се примаат за да се спречи или запре крварењето.

Плазмата содржи состојки кои взаемно делуваат со крвните плочки за да и помогнат на крвта да се згрутчува и може да се примаат за да се спречи или запре крварењето.

Постојат различни причини за примање на други крвни продукти, на пример, за да се подобри имуниот систем или да се заменат некои состојки кои предизвикуваат згрутчување на крвта.

За подетални информации во врска со трансфузијата на крвта, ве молиме посетете ги Интернет страниците www.mytransfusion.com.au

## Ако ви е потребна трансфузија

Ќе треба да направите крвна слика за да се утврди вашата крвна група и да се осигура дека има на располагање крв од вашиот вид.

Кога ќе ви прават крвна слика, треба да помогнете со тоа што ќе проверите дали сите податоци во формуларот и на тубата се точни и целосно се исти. Во податоците се вклучуваат вашето име и презиме, правилно напишани, и вашиот датум на раѓање.



**Оградување од одговорност**
Овој информативен лист е наменет само за ваше лично подучување. Не треба да го користите како водич и/или при изборот или донесувањето на одлуки за лекувањето. Ваквите одлуки треба да ги донесете земајќи ги предвид советите што ви ги дале докторот што ве лекува или други здравствени стручни лица.

BLOOD WATCH
every drop counts

CLINICAL EXCELLENCE COMMISSION

## Опасности

Во Австралија, залихите на крв се едни од најбезбедните во светот, сепак, како и при сите медицински постапки, трансфузијата на крв не е целосно безопасна.

Најчестите видови на опасност при трансфузија на крв се:

- Благи реакции вклучувајќи малку покачена температура или исипување на кожата
- Задржување на прекумерна количина на течности, која предизвикува тешкотии при дишењето, посебно кај постарите пациенти и пациентите кои имаат срцево заболување.

Другите поретки опасности при трансфузија на крв се:

- Примање на крв која 'не одговара' за вас
- Сериозни реакции, на пример, алергија или акутна повреда на белите дробови
- Пренесување на инфекции, на пример, бактерии или вируси.

## Дозвола

Трансфизијата се прави по ваш избор. Пред да ви дадат трансфузија, треба да ве прашаат дали се согласувате на тоа. Користете го овој краток список за проверка за да ви помогне да го направите овој избор.

- Дали знаете зошто ви препорачале да примите трансфузија?
- Дали сте прашале за начините како може да се избегне или намали трансфузијата?
- Дали ги разбирате опасностите?
- Дали сте добиле одоговори на сите ваши прашања?

## Кога примате трансфузија

Пред да примите трансфузија, повторно се прави строга проверка на вашето име и презиме и датумот на раѓање. Проверката ќе ја направат два члена од персоналот заедно со вас. Ако треба да примите повеќе од една кеса крв, или вид на крвни продукти, персоналот ќе ја прави оваа проверка при секоја трансфузија.

Персоналот исто така внимателно ќе ве надгледува во текот на трансфузијата во случај да се појави било каков проблем. Ова значи дека ќе ви ги мерат пулсот, крвниот притисок и температурата во редовни интервали. Повеќето луѓе не чувствуваат ништо во текот на трансфузијата на крв, меѓутоа ако не се чувствувате добро во било кој поглед, веднаш кажете му на персоналот.

Може да примите трансфузија на крв и да бидете во состојба веднаш да ја напуштите болницата. Пред да си одите, зборувајте со персоналот што треба да правите ако не се чувствувате добро подоцна.

## Справување со работите што ве загрижуваат

Ако во било кој момент сте загрижени за нешто, важно е да кажете што ве загрижува. Кажете му на персоналот за што сте загрижени, бидејќи може да се појават сериозни медицински проблеми ако примите погрешна крв. Ова ги вклучува следните работи:

- Ако постои било каков проблем кога се проверува вашето име и презиме и датумот на раѓање
- Ако мислите дека проверката не е правилно направена
- Ако не се чувствувате добро во било кој момент во текот на трансфузијата или после тоа.

## Општи информации

Ако ви е потребна повеќе од една трансфузија, или ако треба редовно да примате трансфузија, секој пат ќе треба да ви прават крвна слика.

Ако не ви направиле крвна слика и треба многу брзо да примите крв, може да примите посебен вид на крв, додека да се најде видот на крв што ви одговара.

Податоците за идентификација мора секогаш да се проверуваат со друго лице, на пример, лице кое ве придружува, член од семејството или друг член од персоналот.

### За Blood Watch (Програма за подобрување на трансфузијата на крв)

Blood Watch е програма која ја спроведува Clinical Excellence Commission (Комисија за одлично спроведување на клинички постапки). Целта на програмата е да се подобрат клиничките постапки поврзани со трансфузионата медицина.

Со програмата се промовираат медицински и хируршки стратегии за соодветно да се контролираат изворите на дарувана крв и крвта на пациентот со цел да се подобрат резултатите кај секој пациент поединечно.

За повеќе информации во врска со програмата Blood Watch, ве молиме посетете ги Интернет страниците http://www.cec.health.nsw.gov.au/programs/blood-watch

Општ водич за трансфузија на крв: Информации за пациентите и семејствата, Информативниот лист е објавен во март, 2014, © Комисија за одлично спроведување на клинички постапки, 2014. SHPN (CEC) 140214

BLOOD WATCH
every drop counts

CLINICAL EXCELLENCE COMMISSION